**Објавено на огласна табла на судот на ден 15-07-2024 година.** СТ.бр.13/23

**ОСНОВНИОТ СУД КАВАДАРЦИ**, како првостепен надлежен суд, преку стечајниот судија Елизабета Петковска , постапувајќи во отворената стечајна постапка над имотот на должникот Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино- во стечај со седиште во населено место без уличен систем бр. 1 Црвени Брегови Неготино со ЕМБС: 7161506 , а одлучувајќи по поднесените предлози од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип за одобрување на предлог трошковниците за месеците мај, јуни, јули, август 2023 година за спроведење на стечајната постапка , без одржување на рочиште на ден 15-07-2024 година го донесе следното :

**Р е ш е н и е**

I. **Делумно се усвојува** предлог трошковникот за месец **05-ти** 2023 година поднесен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип на ден 03-ти и 05-ти 07-2024 година за надомест на реално потребните материјални трошоци на стечајниот управник .

**Се одобрува** исплата од жиро сметката на стечајниот должник и тоа на име надомест на реално потребните трошоци на стечајниот управник во вкупен износ од 9.533,00 денари.

Барањето за разликата од определениот износ на име надомест на реално потребните трошоци до бараниот износ од 12.433,00 денари , **се одбива.**

II. **Делумно се усвојува** предлог трошковникот за месец **06-ти** 2023 година поднесен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип на ден 03-ти и 05-ти 07-2024 година за надомест на реално потребните материјални трошоци и аванасна награда на стечајниот управник .

**Се одобрува** исплата од жиро сметката на стечајниот должник и тоа на име надомест на реално потребните трошоци на стечајниот управник и авансна награда во вкупен износ од 298.543,00 денари.

Барањето за разликата од определениот износ на име надомест на реално потребните трошоци до бараниот износ од 502.492,00 денари , **се одбива.**

III. **Делумно се усвојува** предлог трошковникот за месец **07-ми,** 2023 година поднесен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип на ден 03-ти и 05-ти 07-2024 година за надомест на реално потребните материјални трошоци и авансна награда на стечајниот управник .

**Се одобрува** исплата од жиро сметката на стечајниот должник и тоа на име надомест на реално потребните трошоци и авансна награда на стечајниот управник во вкупен износ од 60.855,00 денари.

Барањето за разликата од определениот износ на име надомест на реално потребните трошоци до бараниот износ од 65.775,00 денари , **се одбива.**

**IV. Делумно се усвојува** предлог трошковникот за месеците **08-ми, 09-ти, 10-ти 11-ти и 12-ти** 2023 година поднесен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип на ден 03-ти и 05-ти 07-2024 година за надомест на реално потребните материјални трошоци и авансна награда на стечајниот управник .

**Се одобрува** исплата од жиро сметката на стечајниот должник и тоа на име надомест на реално потребните трошоци и авансна награда на стечајниот управник во вкупен износ од 166.057,00 денари.

Барањето за разликата од определениот износ на име надомест на реално потребните трошоци до бараниот износ од 178.377,00 денари , **се одбива.**

V. **Делумно се усвојува** предлог трошковникот за месец **01-ви** 2024 година

поднесен од стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип на ден 03-ти и 05-ти 07-2024 година за надомест на реално потребните материјални трошоци на стечајниот управник .

**Се одобрува** исплата од жиро сметката на стечајниот должник и тоа на име надомест на реално потребните трошоци на стечајниот управник во вкупен износ од 59.557,00 денари.

Барањето за разликата од определениот износ на име надомест на реално потребните трошоци до бараниот износ од 62.457 м,00 денари , **се одбива.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Со решение СТ.бр.13/23 од 19-05-2023 година е отворена стечајна постапка над должикот Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино- во стечај .Со решение СТ.бр.13/23 од 19-05-2023 година е отворена стечајна постапка над должикот Друштво за преработка, производство, трговија и услуги АНКОП ФООД ДООЕЛ Неготино- во стечај .

Стечајниот управник Димитар Аџиев од Штип достави предлог трошковници за периодот од отварањето на стечајната постапка 19-05-2023 година па заклучно со 31-01-2024 година и тоа на ден 03-07-2024 година и коригиран предлог трошковници на ден 05-ти 07-2024 година .

Со доставените предлог трошковници побара да се одобри исплата од трансакциската сметка на стечајниот должник на име реално потребни материјални трошоци на стечајниот управник и за авансна награда за првите шест месеци од отворањето на стечајната постапка.

Судот одлучувајќи по поднесениот предлог трошковник за за месец 05-ти 2023 година со кој стечајниот управник бара да му биде одобрена исплата за реално направените материјални трошоци во вкупен износ од 12.433,00 денари судот оцени дека ова барање е само делумно основано и судот истото го одбри за износ од 9.533,00 денари.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му биде одобрена исплата на име трошоци за превоз со сопствено возило во висина од 2.400,00 денари за 31-05-2023 година во износ од 2.400,00 денари затоа што видно од увидот во налогот за службено патување е наведено дека управникот доаѓал во Неготино заради одјавување на вработените од Агенцијата за вработување на РСМ.

Ценејќи дека одјавувањето на вработените се прави по електронски пат без било какви трошоци судот оцени дека ова не е нужен трошок кој што треба да падне на товар на стечајниот должник.

Од друга страна одјавувањето на вработените можел да го направи и на 26-05-2023 година кога доаѓал повторно во седиштето на должникот и судот цени дека стечајниот управник треба да ги превзема дејствијата организирана , концентрирано и со поголем учинок со помали трошоци а не со предизвикување на трошоци за нстечајната постапка кои судот ги цени дека не се оправдани.

Судот го одби барањето да му одобри трошоци за употреба на телефон во висина од 500,00 денари ценејќи дека дека се тоа неоправдани трошоци за кој стечајниот управник нема доставени докази а во смисла колку стечајни постапки води за цитираниот период па судот да има можност да провери дали бараниот износ е правилно пресметан.

Судот одлучувајќи по поднесениот предлог трошковник за за месец **06-ти** 2023 година со кој стечајниот управник бара да му биде одобрена исплата за реално направените материјални трошоци и за аванасна награда во вкупен износ од 502.492,00 денари судот оцени дека ова барање е само делумно основано и судот истото го одбри за износ од 298.543,00 денари при што авансната награда изнесува 38.800,00 денари а останатиот износ се трошоци и тоа за огласи во вкупен износ од 7.293,00 денари, за нотарски заверки во износ од 430,00 денари, за птт трошоци во износ од 600,00 денари, за проценка на имот износ од 139.240,00 денари за книговодствени услуги во износ од 4.000,00 денари, за трошоци за превоз со сопствено возило за две доаѓања од Штип до Неготино или Кавадарци во износ од по 2.400,00

денари за една релација или за двете износ од 4.800,00 денари.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му биде одобрена исплата на име трошоци за превоз со сопствено возило за разликата од определениот износ од 2.400,00 денари до бараниот износ за една релација од 2.880,00 денари затоа што видно во трошковникот на месец 05-ти 2023 година барањето за превоз изнесува 2.400,00 денари и судот цени дека вака побараната разлика не е соодветна и не е оправдана ниту со еден доказ.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му досуди трошоци за превоз за уште три доаѓања затоа што видно од доставените налози за службени патувања судот оцени дека ваквото барање е неоправдано .

Имено стечајниот управник бара трошоци за превоз за следните денови за 02-06-2023 година, и тоа само за увид во книговодство кое судот а за на ден 06-06-2023 година бара трошоци за превоз за преземање на аналитички картици.

Судот ги цени овие трошоци во целост за неоправдани затоа што увид во книговодството стечајниот управник има направено уште во претходната постапка за што му се платени посебни трошоци а во никој случај не е оправдан трошок за превоз само за преземање на аналитички картици.во висина од 2.400,00 денари затоа што истото можел да го направи на ден 14-06-2023 година кога е вршен попис на имотот на должникот за што му се одобрени трошоци за превоз.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му определи трошоци за превоз за употреба на сопствено возило за доаѓањето на ден 20-06-2023 година затоа што видно од увидот во налогот за службено патување за овој трошок тврди дека е направен за доставување на предлог за легализација на имот на должникот во ОС Кавадарци ценејќи дека предлогот можел да го достави по електронски пат без никаков трошок за стечајната маса на должникот или по пошта со минимални трошоци.

Од истите причини судот го одби и барањето да му определи трошоци за превоз за доаѓањето на 30-06-2023 година каде што видно од увидот во налогот за службено патување стечајниот управник има наведено дека дошол за да достави Табела на утврднеи побарувања и почетен стечаен биланс кој што како што е наведено можел да ги достави по електронски пат или преку пошта посебно што само четири дена претходно дошол да склучи договор за закуп за кое доаѓање му се признати трошоци.

Стечајниот управник е должен своите активности да ги концентрира со цел да се предизвикуваат помали трошоци за стечајната постапка.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да определи трошоци за данок на промет за недвижност во износ од 294.349,00 денари затоа што видно од увидот во банковите налози истите се платени од ПроКредит банка а не од сметката на должникот.

Судот го одби барањето да му одобри трошоци за употреба на телефон во висина од 500,00 денари ценејќи дека дека се тоа неоправдани трошоци за кој стечајниот управник нема доставени докази а во смисла колку стечајни постапки води за цитираниот период па судот да има можност да провери дали бараниот износ е правилно пресметан.

Судот одлучувајќи по поднесениот предлог трошковник за за месец **07-ми** 2023 година со кој стечајниот управник бара да му биде одобрена исплата за реално направените материјални трошоци и за аванасна награда во вкупен износ од 65.775,00 денари судот оцени дека ова барање е само делумно основано и судот истото го одбри за износ од 60.855,00 денари при што авансната награда изнесува 38.800,00 денари а останатиот износ се трошоци и тоа за нотарски заверки во износ од 13.500,00 денари, за птт трошоци во износ од 255,00 денари, ,за книговодствени услуги во износ од 4.000,00 денари, за трошоци за превоз со сопствено возило за две доаѓања од Штип до Неготино или Кавадарци во износ од по 2.400,00 денари за една релација или за двете износ од 4.800,00 денари.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му биде одобрена исплата на име трошоци за превоз со сопствено возило за разликата од определениот износ од 2.400,00 денари до бараниот износ за една релација од 2.640,00 денари затоа што

видно во трошковникот на месец 05-ти 2023 година барањето за превоз изнесува 2.400,00 денари и судот цени дека вака побараната разлика не е соодветна и не е оправдана ниту со еден доказ.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му досуди трошоци за превоз за уште едно доаѓање доаѓања затоа што видно од доставените налози за службени патувања судот оцени дека ваквото барање е неоправдано.

Имено од увидот во налог за службено патување за 06-07-2023 година судот утврдува дека стечајниот управник бара трошоци за превоз за увид во Агенција за катастар за недвижност и тоа за договорот кој што не беше солемнизиран и за средба со нотар Ванчо Тренев но по истиот основ бара трошоци за превоз и за ден 13-07-2023 година.

Од тие причини судот за денот 06-07-2023 година не му одобри трошоци затоа што воопшто ниту биле потребни ниту биле нужни.

Судот го одби барањето да му определеи трошоци за упис во Централен регистар на РСМ во износ од 1.300,00 денари затоа што стечајниот управник нема појаснето за каков упис се работи ниту има доставено доказ за висината на трошокот платен кон оваа институција , посебно што решението за отворање на стечајна постапка е упишано а трошоците се платени и одобрени од трошоците на претходна постапка.

Судот го одби барањето да му одобри трошоци за употреба на телефон-телекомуникациски услуги во висина од 500,00 денари ценејќи дека дека се тоа неоправдани трошоци за кој стечајниот управник нема доставени докази а во смисла колку стечајни постапки води за цитираниот период па судот да има можност да провери дали бараниот износ е правилно пресметан.

Судот одлучувајќи по поднесениот предлог трошковник за месеците **08-ми 09-ти, 10-ти , 11-ти и 12-ти 2023** година со кој стечајниот управник бара да му биде одобрена исплата за реално направените материјални трошоци и за аванасна награда за четирите месеци во вкупен износ од 178.377,00 денари судот оцени дека ова барање е само делумно основано и судот истото го одбри за износ од 166.057,00 денари при што авансната награда изнесува 38.800,00 денари за месец или за четирите први месеци вкупен износ од 155.200,00 денари а останатиот износ се трошоци и тоа за канцелариски материјали во износ од 2.057,00 денари, за книговодствени услуги во износ од 4.000,00 денари, за трошоци за превоз со сопствено возило за две доаѓања од Штип до Неготино или Кавадарци во износ од по 2.400,00 денари за една релација или за двете износ од 4.800,00 денари.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му биде одобрена исплата на име трошоци за превоз со сопствено возило за разликата од определениот износ од 2.400,00 денари до бараниот износ за една релација од 2.520,00 денари затоа што видно во трошковникот на месец 05-ти 2023 година барањето за превоз изнесува 2.400,00 денари и судот цени дека вака побараната разлика не е соодветна и не е оправдана ниту со еден доказ.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му досуди трошоци за превоз за уште четири доаѓања затоа што видно од увидот во содржината на сите шест налози за службени патувања за овој период со датуми од 01-08-2023 година 18-08-2023 година, 21-09-2023 година, 02-11-2023 година, 27-10-2023 година, 27-09-2023 година постојано се трвди дека управникот доаѓал за потреби во АКН Неготино, па судот смета дека сите доаѓања не биле нужни и не треба да паднат на товар на стечајната маса.

Судот го одби барањето да му одобри трошоци за употреба на телефон-телекомуникациски услуги во висина од 2.000,00 денари ценејќи дека дека се тоа неоправдани трошоци за кој стечајниот управник нема доставени докази а во смисла колку стечајни постапки води за цитираниот период па судот да има можност да провери дали бараниот износ е правилно пресметан.

Судот одлучувајќи по поднесениот предлог трошковник за за месец **01-ви** 2024 година со кој стечајниот управник бара да му биде одобрена исплата за реално

направените материјални трошоци во вкупен износ од 62.457,00 денари судот оцени дека ова барање е само делумно основано и судот истото го одбри за износ од 59.557,00 денари.

Судот го одби барањето на стечајниот управник да му биде одобрена исплата на име трошоци за превоз со сопствено возило во висина од 2.400,00 денари за 12-01-2024 година и за на ден 30-01-2024 година во вкупен износ од 4.800,00 денари затоа што видно од увидот во налогот за службено патување од 12-01-2024 година е наведено дека е наведено дека управникот доаѓал во Општина Неготино заради блокада на трансакциска сметка па за судот не е јасно за кава блокада се работи и зошто било потребно личното присуство на стечајниот управник имајќи во предвид дека може да се обрати до Општина Неготино и по е-маил односно со доставување на поднесоци, а во налогот за слуижбено патување од 30-01-2024 година е наведено дека одел во АКН Неготино за доставување на докази и тоа банкови налози за платени такски за елаборат но судот цени дека истите можел да ги достави по електронски пат или по пошта а не со предизвикување на трошоци за превоз па судот оцени дека ова не е нужен трошок кој што треба да падне на товар на стечајниот должник.

Судот го одби барањето да му одобри трошоци за употреба на телефон во висина од 500,00 денари ценејќи дека дека се тоа неоправдани трошоци за кој стечајниот управник нема доставени докази а во смисла колку стечајни постапки води за цитираниот период па судот да има можност да провери дали бараниот износ е правилно пресметан.

Судот постапувајќи согласно одредбата од чл.19 ст.1 точка 8 и точка 9 а во врска со чл. 37 од Законот за стечај , одлучи како во изреката на решението при што определи дека материјалните трошоци се неопходни за водење на стечајната постапка над должникот а испкатата на авнасната награда е определна во горенаведените прописи .

Предвид на горенаведеното судот одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Елизабета Петковска, с.р.

**Правна поука:**

Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од приемот на истото иод неговата објава на огласната табла на судот , преку овој суд до Апелационен Суд Скопје.

**РЕШЕНО ВО ОСНОВЕН СУД КАВАДАРЦИ : СТ.бр.13/23 од 15-07-2024 година**

**Верно со оригиналот тврди:**

**Решението да се достави до:**
1.Стечаен управник Димитар Аџиев
2.Огласна табла на судот.